# МЕМОРАНДУМ

ПОМЕЃУ

СОЈУЗНОТО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД, СОЦИЈАЛНИ ПРАШАЊА И ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА

И

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ТРУДОТ И СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА

Сојузното министерство за труд, социјални прашања и заштита на потрошувачи на Република Австрија и Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија (во следниот текст: договорни страни),
заинтересирани за понатамошен развој на добрите односи и поттикнување на билатералната соработка меѓу Република Македонија и Република Австрија,
во напорите да се придонесе за развој на соработка во областа на социјалната политика, да се унапредува социјалниот дијалог и да се постигне напредок во областа на трудот како и да се поддржи интеграцијата на Македонија во Европската Унија,
го договорија следното:

**Член 1**

Договорните страни ја остваруваат нивната соработка со спроведување на заедничките иницијативи, кои ќе ги опфатат следниве работни области:

1. Размена на искуства во областа на трудот и социјалната политика;
2. Советување, размена на информации и искуство во областа на правото на вработените од областа на безбедност и здравје на работа и трудовата инспекција;
3. Советување и размена на информации од областа на политиките на вработување и пазарот на труд;
4. Советување при развојот на социјалниот дијалог;
5. Размена на искуство во областа на системот за социјално осигурување (пензиско осигурување);
6. Советување и соработка во областа на социјалната нега и заштита;
7. Размена на искуства од областа на интеграција на лица со посебни потреби и
8. Размена на искуства од областа на образованието и вработување на лица со посебни потреби и професионална рехабилитација.

**Член 2**

Договорните страни се согласни, начинот и обемот на соработката да ја одредат со взаемна согласност. За оваа цел договорните страни ќе подготват работна програма за секоја календарска година која ќе опфати:

1. Размена на експерти и информации;
2. Советување и унапредување на експерти;

3. Заеднички настани и со други земји и меѓународни организации;

4. Одредување на начинот на финансирање за поединечни настани.

За спроведување на оваа работна програма најдоцна до крајот ноември секоја година се склучува работна програма со содржински приоритети и конкретни активности за следната година и финансирањето на овие активности се остварува според членот 4 од овој меморандум Соодветните подготвителни работи ќе започнат во втората половина на секоја година.

**Член 3**

Во работните планови ќе се земат во предвид принципите на рамноправност и взаемност на соработката.

**Член 4**

Трошоците за испраќање и учество на експерти (патни трошоци и трошоци за престој) ќе ги сноси секоја од договорните страни за своите учесници.

**Член 5**

Овој договор се склучува во траење од 5 години, стапува во сила од денот на потпишувањето и автоматски се продолжува за уште една година, доколку една од страните не го откаже во писмена форма еден месец пред истекот.

Склученво Виена на ден 08.05. 2014 во два оригинални примероци еден на германски и на македонски јазик, при што двата текста се еднакво веродостојни.

**ЗА МИНИСТЕРСТВОТО**
**ЗА ТРУД И**
**СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Диме Спасов
Министер

**ЗАСОЈУЗНОТО МИНИСТЕРСТВО**
**ЗА ТРУД, СОЦИЈАЛНи ПРАШАЊА**
**И ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ**
**НА РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА**

Рудолф Хундсторфер
Сојузен Министер